# ОПШТИНА КРАТОВО
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 9 Година 2023*
*07.09.2023 година*
*Кратово*

*Претплата за 2023 година*
*изнесува _____________ денари*
*Тек. Сметка бр. _____________*

**Содржина** **Стр.**


- Заклучок за објавување на Одлука за доделување еднократен паричен надоместок од 3.000 денари на ученици од ООУ„Кочо Рацин" Кратово и СОУ„Митко Пенџуклиски" Кратово кои освоиле награда(I-III) и места(I-III) на државни натпревари во учебната 2022/2023 година........................................................................................................... 1
- Одлука за доделување еднократен паричен надоместок од 3.000 денари на ученици од ООУ„Кочо Рацин" Кратово и СОУ„Митко Пенџуклиски" Кратово кои освоиле награда(I-III) и места(I-III) на државни натпревари во учебната 2022/2023 година.....................................................................................................................1,2
- Заклучок за објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за „Реконструкција, оддржување, управување и развој на јавното осветлување во општина Кратово"....................................2
- Одлука за започнување на постапка за доделување договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за „Реконструкција, оддржување, управување и развој на јавното осветлување во општина Кратово".....................................................................................2,3
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура„Кратово"-Кратово..........................................................................................................................4
- Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура„Кратово"-Кратово.......................4
- . Заклучок за објавување на Одлука за За давање согласност за изработка на проектот, имплементација и обезбедување одржливост на резултатите од проектот (5) пет години по завршување на периодот на имплементација на проектот „Зелени градови-Здрава урбана животна средина" (Green cities-Healthy urban environment) .........................................................................................................................................5
- Одлука за За давање согласност за изработка на проектот, имплементација и обезбедување одржливост на резултатите од проектот (5) пет години по завршување на периодот на имплементација на проектот „Зелени градови-Здрава урбана животна средина" (Green cities-Healthy urban environment……................................................................................................................5
- Заклучок за објавување на Одлука За давање на согласност на сопственикот на имотот кој воедно ги поседува и менаџерските права за користење на имотот, општина Кратово дека имотот и недвижечката поставена урбана опрема на предметниот општински имот се дава на бесплатно право на користење за целта на проектот за период од најмалку (5) пет години по завршување на проектот: „Зелени градови-Здрава урбана животна средина"..........................................................................................................................6

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 07.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување еднократен паричен надоместок од 3.000 денари на ученици од ООУ„Кочо Рацин" Кратово и СОУ„Митко Пенџуклиски" Кратово кои освоиле награда (I-III) и места (I-III) на државни натпревари во учебната 2022/2023 година**

**1.Се објавува: Одлука за доделување еднократен паричен надоместок од 3.000 денари на ученици од ООУ„Кочо Рацин" Кратово и СОУ„Митко Пенџуклиски" Кратово кои освоиле награда (I-III) и места (I-III) на државни натпревари во учебната 2022/2023 година, бр.09-1296/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 06.09.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1296/2 — **Градоначалник**
07.09.2023година — **на општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски
с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 И член 62 од Закон за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр 5/02) И член 15 од Статут на општина Кратово („Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 06.09.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За доделување еднократен паричен надоместок од 3.000 денари на ученици од ООУ„Кочо Рацин" Кратово И СОУ„Митко Пенџуклиски"Кратово кои освоиле награда (I-III) И места (I-III) на државни натпревари во учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Со ова Одлука Советот на општина Кратово доделува еднократен паричен надоместок на ученици од ООУ„Кочо Рацин" и СОУ„Митко Пенџуклиски"Кратово кои освоиле награда (I-III) и места (I-III) на државни натпревари во учебната 2022/2023 година во висина од 3.000,оо денари.

**Член 2**

Исплатата на еднократен паричен надоместок од член 1 на оваа Одлука ќе се врши од Буџетот на општина Кратово.

**Член 3**

Еднократен паричен надоместок ќе се доделува на ученици од основното општинско училиште „Кочо Рацин" и средното општинско училиште „Митко Пенџуклиски"Кратово кои во учебната 2022/2023 година имаат освоено награди И места (I-III) на државни натпревари во разни области.
За мотивирање, стимулирање и продолжување со одличен успех Општина Кратово ќе ги награди сите ученици со пофалници И паричен надоместок од 3.000,оо денари.

**Член 4**

Потребни документи за остварување на правото на еднократен паричен надоместок на ученикот се:
-Известување од училиштето;
-Податоци за ученикот(фотокопија од Извод од матична книга на родени);
-Трансакциска сметка на ученикот односно родител/старател(фотокопија);
-Диплома за освоена награда/место на државен натпревар(фотокопија);

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1296/1 Претседател на Советот
06.09.2023година на општина Кратово
Кратово Весна Петрова
с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 07.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за „Реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во општина Кратово"**

**1.Се објавува: Одлука за започнување на постапка за доделување договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за „Реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во општина Кратово", бр.09-1297/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 06.09.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1297/2 **Градоначалник**
07.09.2023година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски
с.р.

Врз основа на член 17 став 4 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 153/19, 261/19 ,89/22 и 65/23), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 06.09.2023 година, донесе,

**ОДЛУКА**

**За започнување на постапка за доделување договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за „Реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во општина Кратово „**

**Член 1**

Со цел намалување на последиците од економско-енергетската криза, подобрување на условите за живот, давање на квалитетни услуги кон граѓаните во делот на улично осветлување, а во услови на недостаток на извори на финансирање за капитални инвестиции, Општина Кратово согласно изработената „ Физибилити студија за оправданост од воспоставување на Договор за ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во општина Кратово„ започнува постапка за доделување договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство за „ **Реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во општина Кратово„** согласно моделот DBFO (design, build, finance and operate).

**Член 2**

Целите што е предвидено да се исполнат со спроведувањето на ЈПП проектот за „Реконструкција, одржување и развој на јавното осветлување во општина Кратово„ се:

- Оптимизација на системот на јавното осветлување и ефикасно управување,
- Намалување на трошоците за работа/заштеда на електрична енергија,
- Реконструкција и модернизирање на јавното осветлување,
- Зголемување на атрактивноста на градот.

**Член 3**

Очекувани резултати

- Комплетно обновување, модернизирање и опремување на јавното осветлување на територијата на општината,
- Употреба на ЛЕД светлечки извор и замена на старите сијалици со нови,како и замена на останатите електрични компоненти и ормари,
- Поквалитетно осветлување на споменицитe, парковите, улиците и останатите јавни површини.

**Член 4**

Проценетата инвестициска вредност на договорот за воспоставување на ЈПП се пресметува врз основа на анализата на трошоци и придобивки од Физибилити студијата и изнесува 42.794.100,00 ( четириесет и два милиони седумстотини деведесет и четири илјади и сто денари), за период од 15 години, а нејзината конечна вредност ќе биде утврдена во Одлуката за избор на приватен партнер, врз основа на вредност постигната во рамки на постапката на јавно наддавање, што исто така ќе биде утврдена во Договорот за ЈПП.

**Член 5**

Договорот за воспоставување на ЈПП се воспоставува како комбиниран договор, т.е концесија за јавна работа и концесија за јавна услуга, кој се потпишува со приватниот партнер кој ќе биде избран како понудувач со најдобра финансиска понуда утврден со одлуката за избор и истиот ќе ги содржи задолжителните елементи согласно законските прописи.

**Член 6**

Време траењето на договорот за ЈПП е фиксен и се утврдува на 15 години, а започнува да тече од датумот на потпишување на договорот за ЈПП.

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство се спроведува во рамки на отворена постапка во согласност со Законот за концесии и јавно-приватно партнерство „(Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15) и „(Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 153/19, 261/19 ,89/22 и 65/23) и Законот за јавните набавки „(Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/19 и 87/21).

**Член 7**

Градоначалникот на општина Кратово е овластен, по влегувањето во сила на оваа одлука , да формира Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство, составена од Претседател и најмалку 4 (четири) члена и нивни заменици од редовите на општинската администрација и надворешни експерти.

Комисијата е должна да подготви, организира и спроведе постапка за доделување на договор за ЈПП (подготовка на тендерска документација, објавување на јавен повик за доделување на ЈПП, проценка на понудата, изготвување на извештај за проценка , предлог одлука за избор на приватен парнер, изготвување на договор за ЈПП, како и да превземе други активности поврзани со спроведувањето на постапката за доделување на договор за ЈПП со избраниот понудувач, по донесување на Одлуката на Советот за избор на приватниот партнер во согласност со Законот за концесии и ЈПП.

**Член 8**

Надоместокот за подигање на тендерската документација изнесува 5.000,00 денари.

**Член 9**

Одлуката се објавува во „Службен гласник на општина Кратово„ и на веб страната на општина Кратово.

**Член 10**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кратово„

Бр: 09-1297/1<br>06.09.2023 година<br>Кратово

Претседател на Совет<br>на општина Кратово<br>Весна Петрова<br>с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 07.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура „Кратово"- Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура „Кратово"- Кратово, бр.09-1298/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 06.09.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1298/2 **Градоначалник**
07.09.2023година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски
с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 36 став (1) точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 06.09.2023 година, донесе

О Д Л У К А

**за усвојување на Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"- Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово ја усвојува Измената на Финансовиот план за 2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово усвоен со Одлука за усвојување на измена на Финансов план за 2023 година бр.02-1158/1 од 31.08.2023 година на Управниот одбор на ЈП "Кратово"-Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1298/1 **Претседател на Советот**
06.09.2023 година **на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова
с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 07.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање согласност за изработка на проектот, имплементација и обезбедување одржливост на резултатите од проектот (5) пет години по завршување на периодот на имплементација на проектот „Зелени градови-Здрава урбана животна средина" (Green cities-Healthy urban environment)**

**1.Се објавува: Одлука за давање согласност за изработка на проектот, имплементација и обезбедување одржливост на резултатите од проектот (5) пет години по завршување на периодот на имплементација на проектот „Зелени градови-Здрава урбана животна средина" (Green cities-Healthy urban environment), бр.09-1299/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 06.09.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1299/2
07.09.2023година
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Тодорче Николовски
с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) Советот на општина Кратово на седницата одржана на 06.09.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
За давање согласност за изработка на проектот, имплементација и обезбедување одржливост на резултатите од проектот (5) пет години по завршување на периодот на имплементација на проектот „Зелени градови-Здрава урбана животна средина" (Green cities-Healthy urban environment)

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на општина Кратово дава согласност за изработка на проект/проектна апликација, реализација и обезбедување одржливост на резултатите од проектот (5) пет години по завршување на периодот на реализација на проектот „Зелени градови-Здрава урбана животна средина" за чие финансирање ќе се поднесе предлог-проект за искористување на средствата од ИПА Програмата за прекугранична соработка согласно, Отворениот повик бр.2021TC16IPCB006-2023-3, за предлог инвестициски проекти под Приоритет 1 „Позелен пограничен регион" на Интеррег (VI-A) ,објавена на 07.06.2023 година од Министерството на Локална Самоуправа на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кратово"

Бр.09-1299/1
06.09.2023година
Кратово

Претседател на Советот
на општина Кратово
Весна Петрова
с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 07.09.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање на согласност на сопственикот на имотот кој воедно ги поседува и менаџерските права за користење на имотот, општина Кратово дека имотот и недвижечката поставена урбана опрема на предметниот општински имот се дава на бесплатно право на користење за целта на проектот за период од најмалку (5) пет години по завршување на проектот: „Зелени градови-Здрава урбана животна средина"**

**1.Се објавува: Одлука за давање на согласност на сопственикот на имотот кој воедно ги поседува и менаџерските права за користење на имотот, општина Кратово дека имотот и недвижечката поставена урбана опрема на предметниот општински имот се дава на бесплатно право на користење за целта на проектот за период од најмалку (5) пет години по завршување на проектот: „Зелени градови-Здрава урбана животна средина", бр.09-1300/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 06.09.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1300/2 — **Градоначалник**
07.09.2023година — **на општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски
с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) Советот на општина Кратово на седницата одржана на 06.09.2023 година, донесе:

ОДЛУКА

За давање на согласност на сопственикот на имотот кој воедно ги поседува и менаџерските права за користење на имотот, општина Кратово дека имотот и недвижечката поставена урбана опрема на предметниот општински имот се дава на бесплатно право на користење за целта на проектот за период од најмалку (5) пет години по завршување на проектот: „Зелени градови-Здрава урбана животна средина"

Член 1

Со ова Одлука, Советот на општина Кратово дава согласност на имотот кој воедно ги поседува и менаџерските права за користење на имотот, општина Кратово, дека имотот И недвижечката поставена урбана опрема на предметниот општински имот се дава на бесплатно право на користење за целите на проектот „Зелени градови-Здрава урбана животна средина" за период од најмалку (5) пет години по завршување на проектот, а за чие финансирање ќе биде поднесено проектен предлог за користење на средтсва од ИПА Програмата за прекугранична соработка , согласно Јавниот повик бр. 2021TC16IPCB006-2023-3, предлог инвестициски проекти:
Приоритет 1: Позелен граничен регион;
Специфична цел: Подобрување на заштитата и зачувување на природата, биодиверзитетот и зелената инфраструктура, вклучително во урбаните подрачја И редукција на сите форми на загадување,
Краен рок за доставување на предлог предлог-проектите 15 Септември 2023 година.
Со ова Одлука, Советот на општина Кратово дава согласност за менаџирање, слободно право на користење на имотот и поставување на недвижечка урбана опрема на предметниот имот за кој е поднесена апликацијата за целите на проектот „Зелени градови-Здрава урбана животна средина" најмалку (5) пет години по завршување на проектот.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1300/1 Претседател на Советот
06.09.2023година на општина Кратово
Кратово Весна Петрова
с.р.

- Одлука За давање на согласност на сопственикот на имотот кој воедно ги поседува и менаџерските права за користење на имотот, општина Кратово дека имотот и недвижечката поставена урбана опрема на предметниот општински имот се дава на бесплатно право на користење за целта на проектот за период од најмалку (5) пет години по завршување на проектот: „Зелени градови-Здрава урбана животна средина.............6,7

*************************************************************************************************